ПРЕПОРАКИ ЗА

# ПРЕДАВАЊЕ И УЧЕЊЕ

ЗА ХОЛОКАУСТОТ




INTERNATIONAL HOLOCAUST REMEMBRANCE ALLIANCE

Насловна слика: Учесници на Глобалниот семинар за холокауст образование и геноцид во Салцбург Сесија за превенција на која се дискутираат упатствата за настава на ИХРА во 2015 година.

ПРЕПОРАКИ ЗА

# ПРЕДАВАЊЕ И УЧЕЊЕ

ЗА ХОЛОКАУСТОТ



INTERNATIONAL HOLOCAUST REMEMBRANCE ALLIANCE

Првото издание е објавено во 2019 година од страна на Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА)

© 2019 IHRA

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и копира во едукативни и други некомерцијални цели, под услов секоја репродукција да е придружена со признание за ИХРА како извор

## ЗА ИХРА

Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА) ги обединува владите и експертите за зајакнување, унапредување и промовирање на едукацијата, истражувањето и сеќавањето на холокаустот и за да ги поддржи обврските на Стокхолмската декларација од 2000 година.

ИХРА (претходно Работната група за меѓународна соработка за едукација на холокаустот, сеќавање и истражување, или ИТФ) беше основана во 1998 година од поранешниот премиер на Шведска Гуран Персон. Денес мрежата на ИХРА се состои од над 40 земји, како и клучни меѓународни партнерски организации со мандат да се справат со прашања поврзани за холокаустот.

Мрежата на експерти на ИХРА вклучува претставници од најистакнатите институции во светот, кои се специјализирани за образование, сеќавање и истражување за холокаустот. Од 2019 до 2023 година, експертите и политичките претставници на ИХРА ги насочуваат своите напори во зачувување на историскиот запис и борбата против дисторзија на истото.

## ЗА ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА

Оваа публикација се базира на претходните упатства за наставници и креатори на политики во образованието, креирана од страна на експерти на ИХРА и не би била реализирана без големиот придонес даден од делегатите во Меѓународната алијанса (ИХРА), претставниците на сите делегации. Посебна благодарност до следните експерти: Џенифер Циардели (САД), Нилс Вајткамп (Холандија), Андреа Сужни (Унгарија), Бенјамин Гајсерт (Норвешка), Волф Кајзер (Германија), Паула Кован (Велика Британија), Лена Цасиез (Франција) и Јесика Сан Роман (Шпанија).

# ПРЕДГОВОР



**Д-р Катрин Мејер**
**Извршен секретар на ИХРА**

**„Се случи еднаш. Не требаше да се случи, но се случи. Не смееше да се случи, но се случи. Затоа образованието за холокаустот е фундаментално“.**

Токму со овие моќни зборови, Гуран Персон го отвори Стокхолмскиот Интернационален Форум за холокаустот уште во 2000 година. Во текот на три дена на Форумот, образованието беше особено истакнато во пораките на шефовите на држави, наставници, историчари и преживеани. Им се чинеше на сите дека им е јасно, оние кои беа на состанокот во Стокхолм, половина век по крајот на холокаустот, дека Интернационалната заедница ја дели одговорноста за поддршка на идните генерации во контекст на рефлектирањето на историјата на холокаустот и нејзините консеквенци. Образованиетоеи останува главен корен во работата на Меѓународната Алијанца (ИХРА), за да се погрижи сеќавањето на холокаустот никогаш да не биде заборавено.

Кога погледнав кон 300-те делегати, кои ја сочинуваат мрежата на ИХРА, бев инспирирана од нивната пасија и длабочина на знаење, која ја презентираше секој делегат. Но она што го научив низ мојата кариера, беше дека пасијата и знаењето не се доволни. Одличните иницијативи на цивилното општество не се доволно. Нам ние потребнаи политичка заложба на владите, чија одговорносте да обезбеди широко образование во општествата. Наставницитеи едукаторите сметаат на оваа политичка поддршка за зајакнување и охрабрување за одличната работа, која се работи.

Нашите земји-членки, заедно со разни институции – вклучувајќи ги и нашите меѓународни партнерски организации – работат неуморно за да ги подучуваат учениците и да ги обучуваат и поддржат наставниците и едукаторите. Благодарение на овие институции, постојат различни високо- квалитетни образовни ресурси во нашите земји-членки и пошироко. И благодарение на нашите делегати, ја имам честа да ги презентирам препораките на ИХРА за предавањетои учење за холокаустот за да ги надополнати да го заземат своето место меѓу останатите ресурси.

Воодушевена сум што оваа публикација е објавена во партнерство со УНЕСКО и се надевам дека други организации ќе ги поддржат нашите напори за дисеминација. Овие препораки означуваат големо достигнување во име на сите наши експертии им се заблагодарувам на секој од нив за нивната стручност и внимателен придонес.

# СОДРЖИНА


4 ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

6 ВОВЕД

10 ЗОШТО ДА УЧИМЕ ЗА ХОЛОКАУСТОТ

14 ШТО ДА УЧИМЕ ЗА ХОЛОКАУСТОТ

22 КАКО ДА УЧИМЕ ЗА ХОЛОКАУСТОТ

44 ЛИСТА НА КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

50 СТОКЛХОЛМСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И РАБОТНИТЕ ДЕФИНИЦИИ НА ИХРА

56 ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ

# 1 ЗОШТО ДА УЧИМЕ
## ЗА ХОЛОКАУСТОТ

12 КЛУЧНИ АРГУМЕНТИ ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА ХОЛОКАУСТОТ

# 2 ШТО ДА УЧИМЕ
## ЗА ХОЛОКАУСТОТ

17 ОПСЕГ И ГРАДАЦИЈА НА ХОЛОКАУСТОТ
17 ЗОШТО И КАКО СЕ СЛУЧИЛ ХОЛОКАУСТОТ
17 КОНТЕКСТ И РАЗВОЈ
19 КОНЦЕПТУАЛНО РАЗБИРАЊЕ

# 3 КАКО ДА УЧИМЕ
## ЗА ХОЛОКАУСТОТ

24 НАДВОРЕШНИ ПРИНЦИПИ
27 АКТИВНОСТИ НА ЧАС И СЕОПФАТНИ ПРИДОБИВКИ
32 КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ И САМО-РЕФЛЕКСИЈА
36 ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА АКТИВНА НАСТАВА И УЧЕЊЕ
41 СПОРЕДБА НА ИСТОРИЈАТА ДО ДЕНЕС: ХОЛОКАУСТОТ, ГЕНОЦИДИТЕ И КРШЕЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Холокаустот беше државно спонзориран, систематски прогон и убиство на Евреите од Нацистичка Германија и нејзините соработници помеѓу 1933 и 1945 година. Геноцид ширум континентот, ги уништи не само поединците и семејствата, туку и заедниците и културите кои се развивале низ вековите. Холокаустот се случил во контекст на прогнанството предводено од нацистите и убиство кое беше насочено и кон многу дополнителни групи. Сесиите и активности треба секогаш да им помогнат на учениците да ги унапредат своите знаења за ова досега невидено уништување и зачувување на споменот на прогонетите и убиени поединци и групи. Едукаторите и учениците треба да бидат охрабрени и овластени да размислуваат за моралните, политичките и социјални прашања поставени од холокаустот и нивната важност денес.

Искористување и бенефитот на стручноста на делегатите од повеќе од 30 земји-членки, ИХРА „Препораките за настава и учење за холокаустот“ се наменети да дадат основа за креаторите на политики, практичарите и наставници кои ќе им помогнат да:

1. Развијат знаење за холокаустот, обезбедувајќи точност во индивидуалното разбирање и знаење и подигање на свеста за можните последици од антисемитизмот;
2. Создадат ангажирани наставни средини за учење за холокаустот;
3. Промовираат критичко и рефлексивно размислување за холокаустот, вклучувајќи ја и вештината да се спротивстават на негирање и искривување на холокаустот;
4. Придонесат во образованието за човекови права и спречување геноцид.

## ЗОШТО ДА УЧИМЕ ЗА ХОЛОКАУСТОТ?

Освен здобивката на учениците со знаење за некој настан кој фундаментално ги оспорил човековите вредности, наставата и учењето за холокаустот им дава на учениците можност да разберат некои механизми и процеси што водат до геноцид и избори, направени од луѓето за да го забрзаат, прифатат или да му се спротивстават на процесот на прогон и убиство, признавајќи дека овие избори понекогаш биле направени во екстремни околности.

Од делот со наслов „Зошто да учиме за холокаустот“ артикулираат голем број од овие продлабочени разбирање. Едукаторите можат да ги искористат овие насоки за да ја оформат наставата за минатото со разгледување за тоа како тоа ја обликува сегашноста. Настава и учење за холокаустот дава суштинска можност да инспирира критичко размислување, општествена свесност и личен развој.

# ШТО ДА УЧИМЕ ЗА ХОЛОКАУСТОТ?

Препораките имаат за цел да го продлабочат разбирањето на холокаустот низ поставувања на клучни прашања во врска со историскиот контекст на холокаустот, неговиот обем и причините зошто и како се случил. Овој дел претставува серија на критични прашања, кои наставниците и едукаторите можат да ги користат за да ги изградат наставните планови и испитувањето на холокаустот. Предложени се четири основни прашања:

- Кои беа историските услови и клучните фази во процесот на овој геноцид?
- Зошто и како луѓето учествувале или станале соучесници во овие злосторства?
- Како реагирале Евреите на прогонот и масовните убиства?
- Зошто и како некои луѓе се спротивставиле на овие злосторства?

Подетални прашања се нудат за да им се помогне на учениците да истражат како и зошто холокаустот се случил, преку претставувања на различни перспективи. Прашањата ги испитуваат состојбите и однесувањето пред, за време и по Втората светска војна. Тие го охрабруваат проучувањето на односите меѓу холокаустот и другите масовни злосторства извршени од нацистите и нивните соработници, како што е геноцидот врз Ромите и Синтите. Тие охрабруваат наставниците да истражуваат кој бил одговорен и соучесник и што го мотивирало однесувањето на сторителите, соработниците, случајните минувачи и спасувачите. Тие ја истакнуваат и големата разновидност во одговорите на жртвите. Тие исто така создаваат можност за да се разговара за релевантноста на историјата на холокаустот кон современите прашања како што е политиката кон бегалците, последиците од кршењето на човековите права не само за засегнатите лица, туку и за општествата како целина и напорите за спречување геноцид.

# КАКО ДА УЧИМЕ ЗА ХОЛОКАУСТОТ?

Пред сè, наставниците треба да бидат сигурни дека холокаустот може да се предава ефикасно и успешно само со внимателна подготовка и соодветни материјали за тоа. Делот „Како да учиме за холокаустот " говори за можностите и предизвиците на проучувањето и учење за холокаустот низ презентирање на практични пристапи и методи, кои треба да се применат и во формалното и неформалното образовние.

Важноста на точноста и прецизноста во однос на историските факти, потенцираните историски споредби и употреба на јазик се клучен сегмент. Во овој дел се охрабрува употреба на методот – централизирање кон ученикот, кои го поддржуваат критичкото размислување и рефлексија. Особено важно е внимателно посветено избрани основните и секундарните извори, соодветни за учениците кои ја разјаснуваат индивидуалноста и улогата на историските актери. Во делот се дискутира за важноста за вклучување на нијансиран историски контекст и избегнување на историски споредби при истражување на холокаустот во контекст на други дела, како што се превенција од геноцид и човекови права.

# ВОВЕД

**„Ние работиме посветено кон охрабрувањето за изучувањето на холокауст во сите свои димензии. Ние ќе го промовираме образованието за холокаустот во нашите училишта и универзитети, во нашите заедници и ќе го поддржиме охрабрувањето во другите институции“.**

*– член 5. од Стокхолмска декларација , 2000 година.*

## ОБРАЗОВАНИЕ И ОДГОВОР

Холокаустот беше пресвртен настан во светската историја, опфаќајќи ги географските граници и влијанија врз сите сегменти на општествата. Децении подоцна, општествата ја продолжуваат борбата со меморијата и историскиот запис на холокаустот на начини што се пресекуваат со нашите современи реалности. Проучувањето и учењето за холокаустот преставува суштинска можност за инспирација на критичко размислување, општествена свест и личен развој. Сепак, оваа масивна тема исто така може да претставува предизвик за наставниците заради неговата трауматска природа, широкиот простор и пресек со предизвикувачка човечка динамика, вклучувајќи расизам и антисемитизам.

Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА) ги обединува владите и експерти од повеќе од 30 земји-членки за заjакнување, унапредување и промовирање на образованието, сеќавањето и истражувањето на холокаустот ширум светот. IHRA е во единствена позиција да понуди сеопфатни препораки за проучување и учење за холокаустот засновано врз стручноста на нејзините меѓународни делегати. Обемот на наставата и учењето за холокаустот се проширен во однос на професионализација, институционализација и глобализација. Членовите на ИХРА носат нови историски откритија и зголемен ангажман во рамките на едукацијата, сеќавањето и истражувањето на холокаустот.

Дури и со тоа, прегледот на ИХРА на емпириското истражување за Проучување и учење за Холокаустот открива бројни проблеми. Значителни празнини во знаењето и разбирањето за холокаустот, распространетите митови и заблуди и тенденцијата да се избегнат прашањата за националните истории беа идентификувани како предизвици во наставата и учењето за холокаустот. Покрај тоа, народите имаат различни истории и легитимни наративи за холокаустот, како и за различните образовни средини, педагогии и традиции кои мора да бидат земени во предвид.

Врз основа на споделени искуства и погледи на експертите, како и на повратни информации од едукатори на земјите членки на ИХРА, ги даваат следните ажурирани препораки на креаторите на политики, практичарите и наставници со рамка за настава и учење за холокаустот. Овие препораки не се наменети како непосредни цели за

имплементација и постигнување големо унифицирана настава, туку повеќе како рамка и пристап кон тоа практичари, наставници и креатори на политики да можат да работат заедно.

## ЦЕЛИ НА ПРЕПОРАКИТЕ

Ажурирање на оригиналниот водич на ИХРА за предавање за холокаустот, е надополнет со Препораките, за да се придонесе кон постојан разговор помеѓу академиците, креаторите на политиките, практичари и пошироко општество за релевантноста и важноста на наставата и учењето за холокаустот денес. Препораките имаат за цел да обезбедат основа за креаторите на политиките, практичари и наставници кои ќе им помогнат во:

1. Развојот на нивното знаење за холокаустот, обезбедувајќи ја точноста на индивидуалното разбирање и знаење и подигање на свеста за можните последици од антисемитизам;
2. Создавање ангажирани наставни средини за учење на холокаустот;
3. Промовирање на критичко и реактивно размислување за холокаустот, вклучувајќи ја и можноста за спротивставување на негирање и искривување на холокаустот;
4. Придонес во образованието за човекови права и спречување

## ДЕФИНИРАЊЕ НА ХОЛОКАУСТОТ

Како што е дефинирано во Делот 3.1, значењето на образованието за холокаустот бара доследна и точна употреба на термините. Термините „холокауст“ и „Шоа“ се однесуваат на специфичен геноциден настан во историјата на дваесеттиот век: државно спонзорирано, систематско прогонство и убиство на Евреите од страна на нацистичка Германија и нејзините соработници помеѓу 1933 и 1945 година. Висината на прогонот и убиствата се случиле во контекст на настаните за време на Втората светска војна. Овој геноцидот се случува за време на владеењето на нацистичките прогонувања и убиства, кои беа насочени и кон други дополнителни групи, исто така, вклучително и геноцидот врз Ромите и Синтите.

Наставата и учењето за холокаустот ги опфаќа дискриминацијата, прогонот, убиството и геноцидот врз Евреите од страна на национал – социјалистичкиот режим и неговите соработници како негов фокус, и смета дека е неопходно разбирањето на нацистичките злосторства против не-еврејските жртви за сфаќање на холокаустот. Бидејќи се прошири досегот на нацистичката агресија и прогон преку континентална Европа до Северна Африка, наставата за холокаустот може да вклучува и учење за третманот на Евреите од Северна Африка.

Во принцип следните препораки важат и за наставата и учењето за геноцидот врз Ромите и Синтите, дури и кога оваа настава бара специфично знаење за историјата на малцинството и основите на антисемитизмот, како и нацистичкото прогонство и политика за уништување (политика вкоренета во расната идеологија). Важно е да се разбере дека ставот на предрасуди и незадоволство кон Синтите и Ромите е длабоко вкоренет во европскиот историјата и дека геноцидот на Синти и Ромите беше запоставен и негиран по војната, а официјално се признава во 1982 година. Комитетот на ИХРА за геноцид на Ромите има за цел да ја подигне свеста за геноцидот врз Ромите во рамките на Националниот Социјализам и да ја зголеми заложбата на ИХРА во информирањето, едукацијата, истражувањето и сеќавањето на геноцидот врз Роми (види дополнителни ресурси).

## НАСТАВА

Во принцип, наставата и учењето за холокаустот треба да:

- **Унапреди знаења** за ова невидено уништување;
- **Зачува меморијата** за оние лица и специфични групи кои биле прогонувани и убиени;
- **Охрабри рефлексија** кај наставниците и учениците за моралните, политичките и духовните прашања, кои произлегуваат од настаните за време на холокаустот и нивната важност денес.

## ПРЕГЛЕД

Препораките се поделени на следниве делови:

1. **Оправданост и образложение:** Зошто да учиме за холокаустот?
2. **Содржина:** Што да учиме за холокаустот?
3. **Педагогија:** Kako poučevati o holokavstu
4. **Дополнителни извори:** Дополнителни информации од други организации кои обезбедуваат материјали за предавање и учење за холокаустот и список на клучни поими.

## КОЈ МОЖЕ ДА ИМА ПРИДОБИВКИ ОД ОВИЕ ПРЕПОРАКИ?

Препораките имаат за цел да ги поддржат креаторите на образовните политики, раководствата на училиштата, едукаторите и други учесници во образованиот систем, и во формално и во неформално образование. Додека професионалците играат различни

улоги во нивните образовни средини, сите можат да имаат корист од размислување критички за тоа „зошто, што и како“ да предаваме и учиме за холокаустот.

На наставниците им се советува да ги прочитаат Секциите 1 и 2 пред да ја испланираат содржината на нивната наставна содржина (и), и да ја прочитаат Секцијата 3 како алатка за нивниот пристап(и) во наставата . Едукаторите може, исто така, да ја користат Секцијата 3 како алатка за поддршка на нивното укажување и евалуација на нивното предавање, откако ќе ја предадат својата наставна содржина (и). Со спроведување на тоа, следните Препораки ќе бидат од корист и за искусните наставници за холокаустот и за наставниците кои се нови во предавање и учење за холокаустот. Дијаграмот подолу претставува моделен процес за тоа како да се проучува холокаустот.




**Слика 1.** Како да се користат овие препораки

1

# ЗОШТО ДА СЕ УЧИ

## ЗА ХОЛОКАУСТОТ

**Суштинско е разгледувањето за тоа како најдобро да се направи какво било испитување на холокаустот, кој ќе биде значаен и релевантен за учениците во нивните националните контексти. Овој дел е наменет да им помогне на креаторите на политики, раководството на училиштата, наставниците и други учесници во образованиот систем за што подобро да ги формулираат образложенија за предавање и учење за холокаустот преку споделување најразлични цели. Ова е од особено суштинско значење за земјите членики на ИХРА, кои се посветени на наставата и учење за холокаустот во нивните земји.**

Предавањето и учењето за холокаустот дава суштинска можност за да се инспирира критичко размислување, општествена свест и личен развој. Холокаустот беше пресвртен настан во светската историја, опфаќајќи ги географските граници и влијанија на сите сегменти на општествата. Децении подоцна, општествата продолжуваат да се борат и со меморијата и со историскиот запис на холокаустот среде современи предизвици. Ова го вклучува постојаниот антисемитизам и ксенофобија, геноцидите во светот, тековната бегалска криза и заканите за многу демократски норми и вредности. Ова е особено релевантно поради подемот на владите во авторитарен стил, како и поради популистичките или екстремни движења во (либерални) демократии.

Наставниците во формалното образование (како што се училиштата) и едукаторите во неформалното образовани (како на пр. музеи и други такви субјекти) можат да ги ангажираат учениците преку одговорни историски пристапи засновани врз факти, изведени од други дисциплини. Иако е уникатен во времето и место, холокаустот сепак беше човечки настан кој отвара предизвикувачки прашања: за индивидуална и колективна одговорност, значењето на активното државјанство и за структурните и општествените норми, кои можат да станат опасни за одредени групи и општеството како целина.

# КЛУЧНИ АРГУМЕНТИ ЗА УЧЕЊЕТО ЗА ХОЛОКАУСТОТ

- Холокаустот беше **невиден обид за убиство на сите европски Евреи,** а со цел да ја згасне и нивната култура; фундаментално да ги оспори темелите на човечките вредности.

- Студијата за холокаустот **потенцира дека геноцидот е процес што може да се предизвика или стопира, отколку да се нарече спонтан или неизбежен настан.** Холокаустот покажа како еден народ може да ги искористи своите бирократски структури, процеси и техничка експертиза при вклучување на повеќе сегменти од општеството за спроведување на политики, кои со текот на времето почнувајќи од исклучување и дискриминација, можат да завршат до геноцид.

- Истражувањето на историјата на холокаустот **може да ги прикаже улогите на историските, социјалните, религиозни, политички и економски фактори при ерозијата и распадот на демократски вредности и човекови права.** Оваа студија може да ги натера учениците да развијат разбирање на механизмите и процесите што водат до геноцид и од друга страна да ги доведе до приспитување за важноста на владеењето на правото и демократските институции. Ова може да овозможи учениците да ги идентификуваат околностите што можат да ги загрозат или да ги еродираат овие структури и да ја поттикнат нивната улога и одговорност во заштитата на овие принципи со цел да се спречи кршењето на човековите права, кое може да ескалира во масовни злосторства.

- Предавањето и учењето за холокаустот е **можност да се разоткријат и анализираат одлуките и дејствијата преземени (или не преземени) од страна на низа луѓе во појава на време на криза.** Ова треба да биде потсетник дека решенијата имаат последици, без оглед на сложеноста на ситуациите во кои се преземаат. Холокаустот вклучува низа на поединци, институции, организации и владини агенции на локално, национално, регионално и глобално ниво. Анализирање и разбирање на преземени или не преземени активности на различни нивоа за време на холокаустот поставуваат комплицирани прашања за тоа како индивидуите и групите одговориле на настаните за време на холокаустот. Дали фокусот е ставен на политичките пресметки на нациите или дневните грижи на поединците (вклучително и страв, вршен притисок, алчност или рамнодушност, на пример), јасно е дека динамиката која ја чувствуваме познато и обично, доведе до вонредни исходи.

- Предавањето и учењето за холокаустот **може да им овозможи на учениците посериозно интерпретирање и евалуација на културни манифестации и претстави за овој настан, а со тоа да се минимизира ризикот од манипулација.** Во многу земји, холокаустот стана тема или мотив што обично се забележува и во популарната култура и во политичката дискурс, честопати преку медиумско претставување. Наставата и учење за холокаустот може да им помогне на учениците да идентификуваат нарушување и неточност кога холокаустот се користи како реторички уред во служба на социјални, политички и морални агенди.

- Предавањето за антисемитизам **во контекст на нацистичката идеологија ги осветлува манифестациите и последиците од предрасудите, стереотипите, ксенофобијата и расизмот.** Антисемитизмот опстојува и по холокаустот, а доказите покажуваат дека тој е во пораст. Предавањето и учењето за холокаустот создава форум за испитување на историјата и еволуцијата на антисемитизмот – суштински фактор што го овозможи холокаустот. Испитување на различните алатки, кои се користат за промовирање на антисемитизам и омраза, вклучително и говорот на омраза, пропаганда, манипулација со медиумите и групно насилство, може да им помогне на учениците да ги разберат механизмите што се користат за поделба на заедниците.

- Предавањето и учењето за холокаустот **исто така можат да ги поддржат учениците во одбележување на комеморацијата во име на жртвите на холокаустот, кои станаа културна пракса на дел од многу земји.** Како дел од нивните наставни програми, учениците честопати се поканети да учествуваат во меѓународни и локални меморијални денови и комеморативни настани. Комеморација не може да го замени учењето, но студијата за холокаустот е од суштинско значење за да им помогне на учениците да го градат тоа неопходно знаење и разбирање за значајни денешни комеморации и да ја продолжат оваа културна пракса во иднина. Слично на тоа, комеморацијата може да помогне учесниците да се вклучат со емотивен труд што претставува дел од изучувањето чувствителна или трауматска историја, создавајќи простор за филозофско, религиозно или политичко претставување, чиј академски курикулум не може да го акомодира.

2

# ШТО ДА УЧИМЕ

## ЗА ХОЛОКАУСТОТ

**Предавањето и учењето за холокаустот зависи од националниот и локалниот контекст. Овие контекстите ги дефинираат одлуките за кои прашањата ќе се истражува подлабоко, а кои ќе се работат концизно.**

Меѓутоа, времетраењето на предавањето за холокаустот мора да биде доволно долго за учениците да можат да одговорат на следниве прашања на начин, кој ќе биде повеќе од задоволителен, но никако не и површен:

- Кои беа историските услови и клучните фази во процесот на ова геноцид?
- Зошто и како луѓето учествувале или станале соучесници во овие злосторства?
- Како реагирале Евреите на прогонот и масовните убиства?
- Зошто и како некои луѓе се спротивставија на овие злосторства?

Претходно поставените проблеми и прашања не треба да бидат исцрпни, туку повеќе да претставуваат збир на основни цели за учење на содржината. Имајте на ум дека загриженоста за холокаустот ќе се промени со текот на времето; прашања што не изгледаат релевантни денес ќе станат многу важни во иднина. Имајќи ги предвид овие важни предупредувања, наставниците се охрабруваат да им овозможат на учениците да ги истражуваат проблемите и прашањата што следуваат.

## Што да учиме: Основни историски содржини

Холокаустот беше државно спонзориран, систематски прогон и убиство на Евреите од страна на Нацистичка Германија и нејзините соработници помеѓу 1933 – 1945 година. Геноцидот, ширум контитентот, не го уништи само поединецот и семејсвото, туку и заедницата и културата која се развивала со векови.

***Кои беа клучните фази, пресвртните точки и одлуки во процесот на геноцидот? Како и зошто луѓето извршиле/учествувале/станале соучесници во овие злосторства? Како реагирале Евреите на прогонот и масовните убиства?***

| *Предвесници* | *Подемот на нацистите* | *Втората Светска војна* | *Повоен период – непосредно последователно* |
|---|---|---|---|
| – Европски анти – Јудеизам<br>– Развојот на антисемитизмот и расизмот<br>– Влијанието од Првата светска војна | – Евреите во нацистичката идеологија и пропаганда<br>– Одговорот на германското оптшество до нацистите, пред и по зголемувањето на моќта<br>– Светскиот одговор на нацистичкото владеење и политика | – Влијанието на војната врз прогонот на Евреите<br>– Отпорот и спасување<br>– Убиствените операции на Ајнзатцгрупите<br>– Времето на решение за истребување на Европското Еврејство<br>– Улогата на логорите во „Конечното решение“<br>– Влијанието на крајот на Втората светска војна | – Состојбата на жртвите по ослободувањето<br>– Преодна правда |

**Слика 2.** Што да учиме: основна историска содржина

## 2.1 ОПСЕГОТ И ТЕКОТ НА ХОЛОКАУСТОТ

Учениците треба да знаат и да разберат дека холокаустот бил геноцид ширум континентот, кој уништил не само поединци и семејства, туку цели заедници и култури кои се развивале во Европа низ вековите.

## 2.2 ЗОШТО И КАКО СЕ СЛУЧИ

На учениците треба да им се даде можност да истражат зошто и како холокаустот се случил, вклучувајќи:

- Кои беа клучните фази, пресвртни точки и одлуки во процесот на геноцид?
- Како и зошто луѓето учествувале/извршиле/станале соучесници во овие злосторства?
- Како реагирале Евреите на прогонот и масовните убиства?

## 2.3 СОСТОЈБИ И РАЗВОЈ

За да се разбере како се случил холокаустот, треба да се разгледаат голем број на перспективи и холокаустот да се стави во контекст на различните процеси, при што како почетна точка треба да се земат прашањата кои следат. Од суштинско значење за наставата се и истражувањето и поврзувањето на настаните со националниот и локалниот контекст.

### 2.3.1 Предвесници на холокаустот

- Кој беше европскиот анти-јудаизам и како беше поврзан со христијанските учења?
- Како се развиле антисемитизмот и расното размислување во XIX век и каков бил односот со националистичката идеологија?
- Какво беше влијанието на Првата светска војна и политичките случувања во Европа во меѓувоениот период во контекст на еврејските, односно анти-еврејските односи?

### 2.3.2 Подемот на нацистите, нивниот светоглед, нивната расна идеологија и политичка пракса

- Како и зошто нацистите ги наведоа Евреите и другите во својата пропаганда и политика?
- Како се воспостави Националната социјалистичка диктатура, особено аболицијата на основните права и перверзијата на владеењето на правото, кои го отворија патот до холокаустот и како реагираше германското општество на тој процес?
- Како нацистите во предвоениот период се насочија кон правата и имотите на Евреите?
- Како реагираше светот на нацистичкото владеење и политиките?

### 2.3.3 Текот и развојот на холокаустот во контекст на Втората светска војна

- Како нацистите го радикализираа прогонот на Евреите откако нацистичката Германија влезе во Втора светска војна, и како сето тоа имаше влијание врз текот на војната?
- Како и зошто нацистите организираа експропријација на Евреите и како тоа се одрази врз нивните шанси да преживеат?
- Какви различни видови гета постоеле и како биле користени за раздвојување, уништување и прогонување заедници?
- Како било возможно мобилните единици за убиство (Einsatzgruppen) да убиваат стотици илјадници Евреи во рок од половина година по германската инвазија на Советскиот Сојуз?
- Во која фаза нацистите ја донеле одлуката на обид за убиство на сите европски Евреи?
- Како масовното убиство на лица со посебни потреби го отвори патот за систематско убиство на Евреите?
- Како нацистите ги користеа логорите на смртта и другите логори за да го реализираат предвиденото „Конечното Решение на европското еврејско прашање“?
- Кое беше влијанието од соработката или отпорот во земјите сојузнички со Германија, а кое во окупираните земји на прогон?
- Каква улога одигра поразот на нацистичка Германија и нејзините сојузници за завршување на холокаустот?

### 2.3.4 Повоен период: Веднашпоследователно

- Со какви предизвици се соочија преживеаните од холокаустот по ослободувањето? По што се разликуваше ситуацијата на преживеаните Евреи по ослободувањето  во однос на ситуацијата на не-еврејските жртви на прогон и војување?
- Кои елементи на транзициската правда беа обезбедени по крајот на нацистичкиот режим и војната во Европа? На кој начин тие беа успешни? Што не беше постигнато?

## 2.4 КОНЦЕПТУАЛНО РАЗБИРАЊЕ

Учениците треба да бидат во можност да разликуваат помеѓу извршените различни масовни злосторства од страна на нацистите и нивните соработници, секој со свои причини и исходи.

Прашањата што треба да се разгледаат може да вклучуваат:

- Кои групи станаа жртви на нацистичкиот прогон и масовно убиство, од што беа мотивираани и со какви исходи?
- Каков е односот на геноцидот врз Евреите во контекст на другите злосторства извршени од нацистите и нивните соработници, вклучително и геноцидот против Ромите и Синтите?

### 2.4.1 Одговорност

Доколку учениците почнале да разбираат како се случил холокаустот и да сфаќаат кои прашања денеска тоа ги поставува кон општествата, тогаш треба да разберат дека не е доволно

само да се ограничи одговорноста за овие злосторства на Хитлер и нацистите. Прашањата што треба да се разгледаат може да вклучуваат:

- Кој бил одговорен и соучесник и кои биле нивните мотиви? Кои се разлики помеѓу одговорноста и соучесништвото?
- Мажите беа претерано вклучени во убиствените активности, но какви поддржувачките улоги одиграа жените, и каква одговорност носат и тие за овие злосторства?
- Кои биле улогите на локалното не-еврејско и еврејско население (вклучително и спасувањето и соработката)?

- Какви ставови имаше мнозинството од населението во окупираните земји кон прогонот и убиствата на Евреите?
- Кои биле поединците и групите кои ризикувале да им помогнат и да ги спасат Евреите?
- Што ги мотивирало? Што ги спречило или обесхрабрило другите да преземат слични активности?
- Што се знаеше за прогонот и убиството на Евреите и кога?
- Како реагираше светот на информациите за прогонот и убиството на Евреите?
- Што се знаеше за геноцидот на Ромите и зошто не привлече внимание надвор од нацистичкиот доминирачки регион?

### 2.4.2 Способност на жртвите да делуваат независно

Од суштинско значење е дека холокаустот не се гледа само од гледна точка на сторителите, изворите, акциите или наративите. Евреите и останатите одбрани жртви мора да се појават низ историската фаза како поединци и заедници со свои контексти и истории, повеќе отколку како пасивни објекти кои биле убиени масовно. Притоа, наставниците треба да обезбедат учениците да сфатат дека жртвите имале способност на независно делување и на злосторствата кои се одвивале одговориле најдобро што можеле, во смисла на претходното разбирање на светот и нивното место во него и информациите достапни во тоа време. Ова може да вклучува истражување на:

**Предвоен живот**

- Како живееле Евреите во нивните матични земји и како биле погодени нивните животи од прогон инициран од нацистите, нивните сојузници и соработниците?

**Одговори и отпор**

- Како нацистите ги изолирале Евреите од остатокот од своите општества? Како реагирале Евреите на оваа изолација?
- Што го карактеризира еврејското лидерство, образование, заедница, религиозна практика и култура за време на холокаустот?
- До кој степен и на кои начини можеле Евреите да понудат отпор? До кој степен тие направиле така? Што ги ограничило или овластувало во овие одлуки и активности?
- Зошто мажите, жените и децата биле различно погодени од страна на нацистичкото прогонство и како реагирале?

### 2.4.3 Релевантноста на холокаустот во современ контекс

На учениците треба да им се даде можност да разговараат за релевантноста на историското искуство на холокаустот во денешен контекст. Прашањата што треба да се испитаат може да вклучуваат:

- Како може студијата за прогонство на жртвите од нацистичката идеологија да го унапреди разбирање на влијанието на кршењето на човековите права врз општествата денес? Особено, што може да ни каже за односите помеѓу стереотипите, предрасудите, жртвените, дискриминација, прогон и геноцид?
- Дали може разбирањето за еврејските бегалци пред, за време и по холокаустот да биде релевантно за сфаќањето на денешните бегалски кризи?
- Дали може учењето за холокаустот да ни каже за процесот на геноцид, неговото предупредување знаци и можности за интервенција, кои можат да ги зајакнат современите напори во превенција од геноцид?
- Дали има контексти кога употребата на слики и дискурси на холокаустот не се корисни или се проблематични? Дали има презентации на холокаустот кои се проблематични?

3

# КАКО ДА УЧИМЕ

## ЗА ХОЛОКАУСТОТ

**Не постои ниту еден „правилен“ начин на предавање, ниту постои идеална методологија соодветна за сите наставници и нивните ученици за било кој предмет. Сепак, препораките кои се понудени, се засноваат врз практични искуства и со намера да бидат корисни за наставниците во училиштата и другите едукатори во конструирање на свои начини за работа, земајќи ги в предвид потребите за учење на поединците.**

## 3.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ

### 3.1.1 Холокаустот може успешно да се научи; не се плашете да пристапите кон оваа

Некои наставници се двоумат да ја истражуваат историјата на холокаустот поради перцепцијата за тешкотија и чувствителност на наставата содржина и на предметот. Некои наставници се прашуваат како да се пренесе степенот на трагедијата, големиот број на вклучени бројки и амбисот во кои човештвото може да потоне. Некои се прашуваат како да ги ангажираат своите ученици без да ги трауматизираат или се грижат за можни реакции од нивна страна на оваа тема. Особено, наставниците сакаат да бидат подготвени за низата однесувања и одговори што можат да бидат поттикнати од интензитетот на наставната содржината.

Учениците треба да се запознаат со историјата на холокаустот со метод соодветен на нивната возраст. Одржување на фокусот на индивидуалните приказни поврзани со жртвите, бегството, а и спасувањето можат да бидат соодветни за помладата публика. Покомплексен и предизвикувачки материјал може да се користи за постарите ученици, со употреба на соодветни основни извори.

### 3.1.2 Бидете прецизни во користењето на термините и дефинирајте го терминот Холокауст

- Прецизноста на јазикот при опишување термини и активности може да им помогне на учениците да избегнуваат генерализации, што ги заматуваат разликите и разбирањето. На пример, поимот „логор или камп“ се користи за да се опише широк спектар на места и локации. Иако луѓето починаа и беа убиени во многу логори создадени од нацистите и нивните соработници, не сите логори биле намерно изградени како центри за убиства или логори на смртта. Различни логори функционирале на различни начини во различни периоди, вклучително концентрационите логори, работнички кампови , и транзитни кампови, за кои постојат соодветни дефиниции. Дефинициите помагаат да се избегнат недоразбирањата во обезбедување на специфичноста на истите.

- Користењето јасна дефиниција за терминот „Холокауст“ (или „Шоа“) може да ги минимизира збунувањата од почеток. ИХРА го користи терминот „холокауст“ за да го опише државниот систематски спонзорираниот прогон и убиство на Евреите од државата од страна на нацистичка Германија и нејзините соработници помеѓу 1933 година и 1945 година. Висината на прогонот и убиствата се случија во контекст на Втора светска војна. Некои организации – дури и некои авторитативни институции – го применуваат терминот „холокауст“ во многу широка смисла за да ги опфати сите жртви на нацистичкото прогонство. Сепак повеќето историчари од тој период користат попрецизно дефинирање кое признава дека Евреите беа целта на систематски прогон и убиство на начин што ја одредува нивната судбина за разлика од останатите, со можен исклучок на Синтите и Ромите (група на жртви , кои од новороденчињата до стари лица биле цел на потполно уништување). Бидете свесни дека различни извори можат да дефинираат различни начини на одреден поим. Обезбедете употреба на термини кој е конзистентен и точен.

- Споделете со учениците дека за многу луѓе терминот „холокауст“ е проблематичен. Составен од грчки зборови, „холокаустот“ сугерира на жртва од горење, односно спалување. Терминот може погрешно да имплицира дека масовното убиство на Евреите било форма на маченииштво, а не резултат на геноцид. Поради оваа причина, многумина претпочитаат да го користат хебрејскиот збор „Шоа“ што во превод значи „катастрофа“.

- Обезбедете им на учениците можност критички да дискутираат за терминологијата. Направете експлицитна компарација, како на пример дека поимите „Конечно решение“ или „Еврејски проблем“ биле еуфемизам создадени и користени од сторителите во историскиот момент со цел да се артикулира нивниот поглед на светот наспроти постојниот во неутралениот јазик, за непристрасно опишување на минатите настани. Слично на тоа, термините како „гетото“ треба да се деконструираат за да се откријат различните значења што се користат од страна на нацистите наспроти пред- и пост-нацистичките апликации.

- Наставниците се охрабруваат да ги разгледаат начините на кои зборува општеството и културата за холокаустот, бидејќи овие општествени поими можат да влијаат врз разбирањето на учениците. Популарната култура и дискурс можат да предизвикаат митови и заблуди за историја. Моделирање на конзистентност, точност и прецизност на јазикот може да помогне во распакувањето на претсмислени идеи.

### 3.1.3 Создадете широки појаснувања за оваа тема и контекстуализирајте ја историјата

Холокаустот претставува низа поврзани настани кои се случиле преку националните граници за време и во контекст на војната. Така што, настаните продолжуваат да бидат дел од многу различни Европски и глобални истории и историски процеси. Учениците треба да бидат способни да утврдат дека Холокаустот беше спроведен на различни начини од земја до земја. Покрај тоа, разни кратки, средни и долгорочни фактори во европската и глобалната историја го направија возможен геноцидот. Создадете можности да ги отворите овие размислување во пошироки контексти во рамките на кои се случувал настаните за време на холокаустот.

Овие настани се истражувани опширно од страна на научниците. Обидете се да користете релевантни и неодамнешно објавени академски студии, кои опфаќаат различни аспекти на геноцидот и неговата еволуција при дизајнирање на наставната содржина и планирање на индивидуалната настава.

# 3.2 НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ И СЕОПФАТЕН ПРИСТАП

## 3.2.1 Создадете позитивна средина за учење, со активна настава и пристап насочен

Обидете се да создадете отворена и безбедна средина за учење каде на учениците ќе им се даде простор и време да се изразат, каде што ќе ги охрабрите да поставуваат прашања, да разговараат за нивните мисли и стравови и да споделат идеи, мислења и грижи.

Холокаустот предизвикува многу претпоставки што младите може да ги имаат за природата на општеството, напредокот, цивилизацијата и човековото однесување. Учениците може да имаат одбранбени реакции, негативни чувства или неподготвеност да се навлегуваа подлабоко во историјата на нацистичкиот период или за холокауст Покрај тоа, алтернативните погледи и ставови можат да бидат дел од нивните реакции. Позитивноста и довербата во околината на учење е важна со цел ваквите теми да бидат отворено адресирани и дискутирани.

## 3.2.2 Бидете одговорен на позадината, емоциите и грижите на учениците

Училниците ретко кога се хомогени, без оглед дали од религиозна, културна, социјална или етничка припадност или потекло. Поедини ученици ги носат своите позадини, претскажувања, лични емоции, и загриженост. Покрај тоа, јавната дебата и тековните политички прашања ќе влијаат на тоа како учениците ќе пристапат кон темата. Разновидната природа на секоја училница и тековните јавни дебати нудат повеќе можности да се направи холокаустот релевантен за учениците и нивно вклучување во темата.

Бидете внимателни на чувствата и мислењата на учениците, особено во врска со темите од вистински интерес за нив. Создадете можности отворено да разговарате за овие прашања. Бидете подготвени да испитате други истории на геноцид, расизам, ропство, прогон или колонијализам во современиот свет.

Внимавајте јасно да направите разлика помеѓу различни случаи, вклучувајќи ги причините и природата на секој од нив. Разговарајте за разликата помеѓу „споредувањето“ и „изедначувањето“.

### 3.2.3 При користењето на пишани и визуелни материјали размислете за нивната цели намена- особено на графичките прикази.

Сликите и текстот треба да бидат одбрани грижливо и со цел за образовни придобивки. Почитта кон сите, и за жртвите на холокаустот и за учениците во образовниот систем, бара чувствителен пристап и внимателна мисла за тоа што претставува соодветен материјал. Користењето на слики и фотографии со намера да се шокираат и ужаснат луѓето се деградирачки за жртвите и може ги зајакнат стереотипите на Евреите како жртви. Сликите исто така можат да бидат интензивни за чувствителноста на учениците во училницата, поврзани со човечка траума или скромност. Може да се учи за холокаустот ефикасно и без користење на графички фотографии или филмови-снимки.

Во однос на употребата на терминологијата (види 3.1.2), внимавајте на изворот на избраните материјали. Сторителите генерирале многу фотографии, филмови и документи што можат да бидат корисен образовен ресурси, под услов контекстот да е експлицитно јасен. Едукаторите треба постојано да ја проверуваат употребата на изворите и да знаат за кои образовни исходи се ги користат конкретни материјали.

### 3.2.4 Индивидуализирајте ја историјата со преведување статистика низ лични приказни

Дајте им на учениците можност да ги видат прогоните од нацистите како поединци. Едукаторите може да користат метод со кој ќе создадат скала на холокаустот и реални бројки за нивните ученици. За многумина е тешко да се борат со трагедијата на холокаустот, на начин презентиран само од статистички аспект. Повторуваните фрази од типот „шест милиони“ создава соединување на заедниците и поединците во безлична маса и се обид големите бројки дополнително да деперсонализираат и дехуманизираат.

Наместо тоа, каде и да е можно, користете студии на случај, сведоштво за преживеани и писма и дневници од периодот за да се покаже човечкото искуство. Учениците треба да бидат во можност да дадат примери дека „Статистиката“ беше вистинска личност, со живот пред холокаустот, кој постои во контекст на семејството, пријатели и заедница. Нагласете го достоинството и хуманоста на жртвите во секое време.

### 3.2.5 Создадете можност да ја испитате комплицираната природа на улогите, одиграни од поединците, повеќе отколку да ги зајакнувате стереотипите

Фокусирајќи се на приказните на поединците, на моралните дилеми со кои се соочувале и направените избори, може да се направи историјата на холокаустот непосредна и интересна за учениците и порелевантна за нивните животи денес.

Обезбедете историски ресурси што им овозможуваат на учениците да ги разберат сложените фактори во именувањето човечко дејствување. Покажете како реалните луѓе направија избори што доведоа до настаните кои се случиле, разговарајќи за тоа дека дејствувањето на луѓето биле под влијание на широк спектар на фактори како општествени структури, економија, идеологија и лична убеденост и мотивациони фактори.

Термини, како што се „сторител", „нем набљудувач", „жртва" и „спасувач" се развија со текот на време низ студиите за холокаустот за класифицирање и анализирање на одредени типови историски актери. Обезбедете ученици да разберат дека овие категории повеќе се наметнуваат од минатото, отколку што произлегуваат директно од него. Човечкото однесување обично се преклопува и се применува: Човек опишан како „нем набљудувач" во еден друг одреден контекстот можеби е „извршител" во друга ситуација или дури и „жртва" во трета ситуација.

Внимавајте да ги избегнете стереотипите што сугерираат дека сите спасувачи биле херои, добрии љубезни, сите неми набљудувачи апатичнии сите сторители садисти. Пред сè, појаснете го терминот „жртви" не толку како немоќни, туку како реакција на различни начини и стресни ситуации условени од возраста, позадината и контекстот. Особено треба да се внимава и да се обезбеди лесните генерализации за „националниот карактер" да се избегнуваат и се предизвикувачки, доколку се појават.

### 3.2.6 Не обидувајте да ги објаснувате сторителите како „нечовечки чудовишта"

Мотивациите на сторителите треба да се изучуваат низ длабока анализа: Учениците можат да користат основни извори, студии на случај и индивидуални биографии за да ја измерат релативната важност на факторите. Социјалната структура, економијата, идеологијата, предрасудите, пропагандата, ксенофобијата, дехуманизацијата, врсничкиот притисок, криминалната психопатологија и мотивационите фактори, како што се страв, моќ или алчност играат улога во одлуките донесени од поединците, кои учествувале или да станале соучесник во холокаустот. Намерата не е да се нормализира, туку да се разбере како дошло луѓето да го направат тоа што го направија. Разбирањето не значи и одобрување.

Холокаустот беше човечки настан со човечки причини. Дури и како сторители на извршени нехумани акти, мнозинството од нив не биле садистички психопати; означувањето на нив како „зло" не е доволно објаснување за холокаустот. Наместо тоа, наставниците треба да се обидат и да им помогнат на учениците да постават заедно поинакво и попредизвикувачко прашање. Како е возможно одредени поединци, кои извршиле сурови дела и убиства врз други, вклучително и врз жени и децата, во истовреме да бидат добри татковци и сопрузи, посветени сопруги или мајки?

### 3.2.7 Бидете претпазливи кога користите симулации и играње улоги

Пазете се од симулацијата, креативното пишување или вежбите на играње улоги кои ги охрабруваат учениците да замислат дека тие се директно вклучени во холокаустот. Обидите да се создаде модел „како да се однесуваат“ можат да доведат до лажни еквиваленти или тривијализација, бидејќи учениците се обидуваат да направат споредби со сопствениот живот. Некои млади луѓе може претерано да се идентификуваат со настаните на холокаустот и да бидат возбудени од моќта и истовремено „гламурот“ на нацистите. Некои може да покажуат и морбидна фасцинација кон страдањето на жртвите. Учениците со трауматски животни искуства или семејни истории исто така можат да искусат интензивен стрес, бидејќи се поврзуваат со тие епизоди низ историското истражување.

Размислете за спроведување на активности кои користат „набљудувачки позиции“ кои поточно се однесуваат на нашата позиција во однос на минатото. На пример, од учениците може да се замоли да ја преземат улогата на одреден неутрален претставик, и на неговите реакции на овие настани: можеби пишување на статија, како новинар за нивниот весник, за прогонството на Евреите; загрижен граѓанин кој му пишува на својот политички претставник; или кампања што се обидува да го мобилизира јавното мислење. Ваквите активности можат да бидат добри мотиватори за учење и исто така да ги потенцираат можните активности кај учениците, кои би ги преземале за настани, што ги засегаат во денешниот свет. Едукаторите можат да негуваат оригинални емпатија преку лични приказни, студии на случај и сведоштво на преживеани.

Овозможете ангажман на учениците низ сесии за дебрифинг после какво било играње за преземени улоги, симулации или имагинативни вежби. Од суштинско значење е да се добие разбирање за тоа како учениците реагирале на обработениот таков материјал.

### 3.2.8 Охрабрете го изучувањето на локална, регионална, национална и глобална историја и меморија

Во земјите каде што се случија настани на холокаустот, потенцирајте ги специфични настани во контекст на националната историја од тој период, без притоа да се занемари европската димензија на холокаустот. Оваа истрага може да вклучува искуство на жртви, спасувачи, извршители, соработници, отпорници и неми набљудувачи. Едукаторите треба да ги охрабрат и да го олеснат преиспитувањето на вообичаените „национални“ наративи од тој период.

### 3.2.9 Интердисциплинарниот пристап може да го збогати сфаќањето на холокаустот

Настаните од холокаустот откриваат крајности на човековото однесување што пресекуваат многумина човечки искуства. Како резултат, темата е релевантна за едукаторите од широк опсег предметни дисциплини. Интердисциплинарниот пристап може да го збогати сфаќањето на учениците за холокаустот со различни области на експертиза, приближувајќи го холокаустот низ повеќекратни перспективи, и градење врз идеи и знаење стекнато во повеќе делови од студијата.

Учењето за холокаустот низ историјата евоцира моќни емоции, поезијата, уметноста и музиката може да им помогне на учениците да се изразат креативно и имагинативно. Холокаустот покренува важни морални, теолошки и етички прашања што учениците можат да ги истражуваат низ своите религиозни студии, часови за социологија или за граѓанско образование. Проектите за учење и програми, и двете на национално и меѓународно ниво, што ги зближува учениците да учат заедно со врсниците од другите делови на нацијата или другите земји можат да придонесат за подобро разбирање на локалните, регионалните и глобални истории на холокаустот.

Ова бара дијалог и соработка помеѓу наставниците во различни тематски области и локации поради одредени цели за учење и комплементарни активности на распоред, кој ќе обезбеди логичен развој на знаења и разбирања. Дигиталните платформи за учење и алатки за комуникација можат да поддржат активности за учење за учениците на различни места и локации.

# 3.3 КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ И САМО-РЕФЛЕКСИЈА

### 3.3.1 Наведете дека холокаустот не бил неизбежен

Фактот дека се случил некој историски настан и е документиран, не значи дека тој морал да се случи. Холокаустот се случи затоа што поединци, групи и нации создадоа решенија за постапување или не постапување. Фокусирањето на тие одлуки дава преглед на историјата и човековата природа, како и помош за учениците да размислуваат критички на оваа тема.

### 3.3.2 Разговарајте за сложеноста на историјата

UПотсетете ги учениците дека сложените настани како што е холокаустот, честопати создаваат повеќе прашања отколку што обезбедуваат едноставни одговори.

Потребата да се „научат лекции“ од холокаустот, ризикува поедноставување на директни заклучоци за тоа што е исправно и погрешно – холокаустот се случил затоа што луѓето не успеале да направат точни морални избори –и тоа доведува до површно читање на историјата. Наместо тоа, испитувањето на холокаустот покренува прашања за природата на изборот на поединецот, „проблем на злото“ и начини на кои индивидуите се помируваат – или не – со минатото.

Овозможете им на учениците можност холокаустот да го проучуваат и истражат длабоко, вклучително и прашањата наведени во делот „Што да учиме“ кои се однесуваат на дилемите на жртвите, спасувачи, прогонувачи и немите набљудувачи.

Дополнително, разговарајте со учениците за привремена природа – заради недостаток или изгубен изворен материјал, на пример – на историски „одговори“. Охрабрете ги учениците да ја видат својата работа на холокаустот повеќе како привремен одговор, а отколку како дефинитивен.

Конечно, иако помеѓу комеморацијата и образованието постои дистинкција , комеморативни практиките можат да бидат вреден начин за решавање на емоционалните потреби на учениците по опширните студии.

### 3.3.3 Помогнете им на учениците да развијат историска свест преку учење, толкувања и сеќавање на холокаустот

- **Охрабрете ги вашите ученици критички да анализираат различни толкувања на холокаустот**

Учењето во училницата и нашето разбирање за минатото секогаш го поттикнуваат пошироките културни контексти. Академска и популарна репрезентација на холокаустот преку филмови, мас – медиумите, документарците, уметноста, театарот, романите, спомен-обележјата и музеите во форма на колективно меморија. Секое толкување или

презентација е поврзана со околностите во кои е произведена и може да зборува за времето и местото, повеќе отколку за настаните што ги прикажува.

Создадете можности учениците да размислат како и зошто таквите толкувања и презентации се одвивале во минатото, каков е изборот на докази врз кои се засноваат, и намерите на оние што ги направиле. Помогнете им на учениците да го разберат тоа, доколку постојат легитимни области на историска дебата, која не дава точно толкување.

- **Поканете ги учениците да учествуваат и соодветно да се однесуваат на своите национални и локални денови на комеморација и сеќавање**

Настани, како што се Меморијалните денови на холокаустот, даваат можности за меѓугенерациски проекти, кои поттикнуваат дискусија меѓу членовите на семејството за сродни современи теми и кои можат да овозможат други форми на учење во заедницата.

Учењето за холокаустот истотака може да се пресели од училницата во пошироката општествена заедницата, а ваквите прилики можат самите да бидат предмет на истражување и учење. Учениците можат да се замолат да размислат колку културното влијание обликува меморија и спомен-обележја, како нивната локална заедница избира да се однесува кон своето минато, од каде различни групи ја селектираат историјата за да конструираат свои наративи, без разлика дали нивната нација се осврнува на различните аспекти на национална историја и како се разликуваат комеморативните одбележувања во нивната земја од оние во другите земји.

- **Создадете можност да размислите за улогата на историјата за конституирање на значењето и идентитетот во сегашноста**

„Историската свест“ признава дека секој наратив од минати настани е обликуван од контекстот во кој се создава наративот. Историската свест признава дека нашето разбирањето на минатото има значење за поединците и групите и во сегашноста и дека ќе ги обликува очекувања во иднината.

„Колективна меморија“ се однесува на начинот на кој група луѓе се сеќава на историско искуство, честопати одразувајќи ги вредностите на тоа општество и пренесувајќи ја меморијата од генерација на генерација. Колективната меморија е отелотворена, на пример, во денови на јавна меморија, музеи, споменици и други видови на воспоставени национални наративи. Овозможете им на учениците да истражуваат начини на кои истите се дел од колективната меморија преку јавни институции и социјални врски, како што се училиште, медиуми и семејство.

Бидејќи учениците ќе наидат на различни историски наративи за холокаустот, поттикнете ги да си ги поставуваат прашања:

1. Зошто се разликуваат клучните аспекти на овие наративи?
2. Кои елементи се присутни и отсутни во различни наративи за холокаустот?
3. Која може да биде причината за разликите во акцентот помеѓу различните наративи?

Препознавајќи како се сфаќа нашето разбирање за минатото од културните, политичките и временските контексти и идентитети, денес, можат да ја зајакнат и развијат историската свест на учениците.

### 3.3.4 Претставувајте го еврејскиот народ и надвор од контекстот на холокаустот

Еврејскиот народ има долга историја и богато културно наследство. Објаснете дека Еврејското искуството за време на холокаустот се става во историски контекст со прикажување на животот пред и после холокаустот. Овозможете им на учениците да ги ценат Евреите и да бидат повеќе отколку дехуманизирани и деградирани жртви на нацистичкото прогонство (види 2.4.2). Осигурете се дека учениците ја разбираат огромната загуба за современата светска култура, која беше резултат на уништувањето на богатите и живописни Еврејските заедници во Европа.

### 3.3.5 Избегнувајте легитимирање на искривоколчувањето и негирање на минатото

Ретко се појавува целосно негирање на холокаустот, но искривоколчувањето е распространет феномен. И искривоколчувањето и негирањето го поткопуваат критичкото размислување со игнорирање и деградирачки историски докази и разбирање врз основа на факти, за историјата. Негирање на холокаустот – дефинирано од ИХРА претставува „дискурс и пропаганда што ја негира историската реалност и степенот на истребување на Евреите “– честопати е идеолошки мотивиран и дел од теорија на заговор, која е составен дел на современиот антисемитизам.

Заговорниот елемент во негирањето на холокаустот се карактеризира со тврдење дека Евреите претеруваат, па дури и го произвеле холокаустот како историски настан, со цел да се здобијат со финансиски придобивки, влијание или моќ. Негирачите се обидуваат да сеат семе од сомнеж преку намерно нарушување и погрешно претставување на историските докази. Бидете внимателни, несакајќи, да не ги легитимирате негирачите преку вклучување во лажна дебата. Мора да се внимавате да не се даде платформа за идеолошки мотивирани негирачи. Не го третирајте негирањето на холокаустот како легитимен историски аргумент или обидете се да ја побиете позицијата на негирачите преку нормална историска дебата и рационален аргумент.

Заеднички со многу други теории на заговор, негирањето на холокаустот може да предизвика интерес и љубопитност кај учениците затоа што овие теории предизвикуваат воспоставени и широко прифатени фактички позиции за кои се смета дека ги држат властите. Во овој случај, критични прашања за холокаустот не се базираат на идеолошко убедување, но можат да бидат мотивирани со обид да се оспорат утврдените позиции и да се тестираат реакции од наставници или други властите. Во овој случај, обидете се да ја утврдите мотивацијата за коментарите, кои се склони кон негирање, или во дискусија во училница или во разговор еден- на-еден. Прашувајќи ги зошто овие перспективи се важни за учениците може да биде многу корисна почетна точка за вакви дискусии.

Искривување на холокаустот – „намерни напори за изговор или минимизирање на влијанието на холокаустот или нејзините главни елементи “– можат да бидат мотивирани од различни фактори. Вклучувајќи, но не ограничено ниту на можноста да се минимизира влијанието на холокаустот и да се загрози одговорноста на нацистичка Германија за холокаустот, обвинувајќи ги другите нации или групи. Ова исто така важи и за негирање и нарушувања поврзани со геноцидот на Ромите и Синтите, кои честопати ја прикажуваат жртвата или групата како криминален елемент, кој го заслужувал нивниот прогон.

Дисторзијата може да се спротивстави на повикување на историски факти засновани врз историските докази дадени во примарни извори и истражувачката литература. Одговорите и љубопитноста, каде учениците ќе се здобијат со дезинформации, кои ќе бидат мотивирани да ги користат, може да им помогне да наставниците да развијат соодветна реакција и стратегија за ефективни начини за справување со инциденти на искривоколчување на историјата во училницата.

Подлабоко истражување на искривоколчувањето и негирањето на холокаустот, може и треба да се третира одделно од историјата на холокаустот. Можеби е релевантно да се направи посебна наставна содржина за тоа како формите на антисемитизмот се развиле со текот на времето или студија на медиумите која ја истражува манипулацијата, погрешното претставување и искривоколчувањето од одредени групи за политички, социјални или економски цели. Работната дефиниција на ИХРА за негирање и искривоколчување на холокаустот може да се користи во комбинација со дефинициите во овој дел и речникот на зборови на крајот на овој прирачник.

## 3.4 ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА ЕФЕКТИВНО ПРЕДАВАЊЕ И

### 3.4.1 Овозможете им на учениците пристап до основните примарни извори

Дајте им на учениците можност критички да анализираат изворен материјал и да разберат дека одредена анализа, толкување и заклучок мора да се засноваат на реално читање на историските докази.

Тоа можат да бидат писма, дневници, весници, говори, уметнички дела, закони и официјални документи од времето, во кои се откриваат сторителите, жртвите, спасувачите и немите набљудувачи. Материјалот како примарен извор е од суштинско значење за секое значајно истражување за мотивацијата, мислите, чувствата и постапките на луѓето во минатото и сериозен обид за да се разбере зошто луѓето ги направиле изборите што ги направиле или зошто случувањата се случиле на начин на кој се случиле.

### 3.4.2 Користете сведоштва за да создадете уникатна врска со минатото

И покрај тоа што учат за историјата, вклучувањето сведоштва на директни сведоци им помага на учениците да разберат како настаните влијаеле на поединецот. Потсетувањето се на настани од лична перспектива дава можност да се прави разлика помеѓу фактите и реакциите, а исто така им овозможува на учениците можност да се осврнат на своите сеќавања.

Некои земји сè уште имаат преживеани од холокаустот, кои живеат во рамките на нивните заедници. Ако е можно, остварете контакт со преживеан и поканете го да зборува. Тоа создава посебно образовно искуство. Други лица кои беа директно вклучени во холокаустот или кои биле директни сведоци на настани (спасувачи, ослободители и други) исто така имаат моќни сведоштва кои можат да ги споделат со учениците. Да се биде во присуство на некој што директно ги доживеал историските настани може да придонесе за подобро разбирање за историјата, до која не секогаш може да се дојде преку други извори.

Кога поканувате преживеан или сведок во училницата, бидете внимателни и подгответе се предходно, но и за време и по средбата, со цел да се искористи целиот потенцијал за учениците, со цел да имаат позитивен дијалог со гостинот. Обезбедете темелен пристап кон учениците за историските настани преку дополнителни примарни и секундарни извори.

Запомнете дека средбата со сведоците постои само како едно средство за пренесување на историски знаења. Размислете за проучување на животната приказна на поединецот однапред, за да го осигурате доволен контекст на почитувана и приемчива размена. Помогнете им на учениците да разберат дека иако многу време е поминато од овие настани, на говорителот – сведок сепак може да му биде сеуште болно раскажувањето на интензивното лично искуство. Охрабрете ги оние што се сретнуваат со преживеаниот да не го прашуваат само за она што му се случило за време на холокаустот, туку и за неговиот/нејзиниот живот пред и по холокаустот, така што со тоа ќе добијат чувство за целата личност и за тоа како преживеаниот се обидува да живее со неговите или нејзините искуства.

Како што бројот на преживеани и сведоци способни да ја раскажат својата приказна пред пошироката публика се намалува, сведочењата снимени во форма на видео материјал претставуваат силна алтернатива. Поради сложената природа на видео сведочењето како извор, подгответе лекции каде сведоштвата се користат во интерпретативен начин со цел повеќе да се поддржи разбирањето, отколку едноставната илустрација на историските настани. Наместо целосни сведоштва, користете клипови со сведоштва, кои се внимателно избрани за да се исполнат педагошкото цели на часот. Посебно внимавајте при изборот на клипови за сведоци што се со подлабоки слоеви на значење, за учениците да можат да истражуваат сведоштва и од когнитивни и од афективни перспективи. Секогаш обезбедете историски контекст и контекст за самото интервју.

Една точка за испитување може да вклучува временски јаз помеѓу историското искуство и раскажувањето на сведоштвото. Учениците можат да објаснуваат за како тоа влијае на записите за сведоштвото од ситуацијата со интервјуто, од процесите на историзација и колективната меморија и од промена на околностите на лицето што сведочи. Документот на ИХРА „Настава за холокаустот без преживеани“е составена од подетални препораки.

### 3.4.3 Бидете свесни за потенцијалот и ограничувањата на сите наставни материјали

Оценете ја историската точност на сите наставни материјали и контекстуализирајте ги сите докази. Вклучете лични приказни, каде што е возможно, со врски до локалниот контекст или настани. Употребата на дневници, писма, фотографии и други докази од жртвите и преживеаните можат да помогнат да се слушне нивниот гласови. Искористете ги студиите на случајот кои предизвикуваат и ги намалуваат негативните стереотипи на групите жртви кои можат да бидат присутни во општеството или меѓу групата во училницата. За да развиете критичко размислување, замолете ги учениците да дискутираат за содржината и да се фокусираат на учебниците и други наставни материјали.

Забележете дека голем дел од доказите за холокаустот, без оглед дали се пишани документи, фотографии или филмови, биле создадени од нацистите. Бидете свесни дека при репродукција на нацистичката пропаганда и користење фотографии од злосторства или снимки, некои наставни материјали можат да ги зајакнат негативните погледи на жртвите и да ги објективизираат, деградираат и дехуманизираат уште еднаш.

На крајот, не заборавајте да размислите за когнитивниот и емоционалниот развој на учениците. Осигурете се дека сликите и текстот е соодветен и дека учениците биле добро подготвени за емотивниот ефект, со кој можат да се здобијат. Овозможете им простор на учениците да размислуваат и потоа да разговараат за нивните реакции.

### 3.4.4 Употреба на фиктивните и измислени извори

Романите, новелите, песните и филмуваните содржини за холокаустот никогаш не можат да заменат проучување на историските настани, но тие можат да понудат личен пристап и специфичен увид во природата и последиците на кривичното дело. Тие веројатно ќе создадат емпатија и разбирање со фокус кон индивидуалното искуство на жртвите на холокаустот со висока естетска вредноста и со тоа може да биде олеснето разбирањето на настаните. Сепак, тие можат да го постигнат тоа, само доколку нивниот јазик и содржина ги избегнуваат сентиментализацијата и кичот.

Фиктивните ресурси треба да ги почитуваат специфичните настани, факти и состојби на холокаустот, без историска манипулација и промена. Овој принцип се однесува и за филмови кои се создени врз основа на биографска или мемоариска литература, која честопати содржи и значителна слобода на изразување, со покривање зад фразата „Засновано на вистинска приказна“.

Сепак, фиктивните и измислени извори можат исто така да:

- Развијат критичко размислување за историските наративи и историска свест;
- Го олеснат процесот на интердисциплинарното учење за холокаустот;
- Помогнат на учениците со цел да го идентификуваат јазикот на дискриминацијата и расизмот.

Покрај тоа, фикцијата може да им обезбеди на помладите ученици „управувана“ верзија од минатото, во рамки на настаните соодветни на возраста, со цел одржување на историската точност. Илустрациите во сликовниците можат да им обезбедат на помладите ученици визуелен стимул што одговара на возраста за да го поддржи нивното учење.

Првиот предизвик за наставниците е да ги пронајдат и користат фикциските ресурси кои ги исполнуваат критериумите наведени погоре. Ова значи дека наставниците мора да имаат солидно историско знаење, кое со сигурност ќе им овозможи разликување на неточните информации или искривоколчување (фикција) од точните или реални историски факти (вистинити). Измислени фикцијски извори се додаток, кој не се заменува за фактичките, архивски ресурси. Едукаторите треба да се консултираат со своите колеги, кои предаваат историја за да им помогнат соодветно да ги изберат информативните текстови и историски четива, кои ќе им послужат како придружна алатка при нивната употреба на извори на фикција.

Одговорност е кај секој наставник да спречи дезинформации за холокаустот. Ова неизбежно значи дека некои фикцијски ресурси, и покрај нивната репутација, допринес или достапност, се проблематични и не треба да се користат во наставата и учењето за холокаустот.

Романот и филмот „Момчето во пругасти пижами“ често се користи во предавањето на наставниот предмет англиски јазик. Додека приказната може да го стимулира интересот на учениците, деталите и раскажувањето на книгата и на филмот не се верни на историските факти и создаваат лажен впечаток кон жртвите, сторителите и клучните настани. Истражувањето на овие проблеми преку споредување со историски извори и докази може да биде основа за стимулирање на критички преглед од страна на напредните ученици, додека учениците со мало или воопшто никакво претходно знаењето може да се здобијат со дезинформации за холокаустот што никогаш нема да можат да бидат поинаку предизвикани, односно не-научени.

### 3.4.5 Поддржете ги учениците да работат критички со изворите достапни на интернет

Интернетот е неопходен извор на медиуми кој влијае на знаењето, перцепциите и и мислењата на многу ученици. Иако може да биде важна алатка за едукација и истражување, наставниците и учениците треба да бидат внимателни и критички настроени при употребата на веб-страниците и социјални мрежи. Најдобрата стратегија е да препорачате авторитативни страници верификувани и во согласност со овие препораки. Користете ја страницата : „IHRA International Directory of Holocaust Organizations“ на која има наведено корисни линкови за оваа тематика. Додека „Roma Genocide: Overview of international organizations working on historical and contemporary issues“ можат да ја поддржат наставната содржина за геноцидот на Ромите и Синтите.

Нагласете ја потребата критички да се проценат сите извори на информации. Учениците треба да ја разберат важноста на разгледување на контекстот во кој се дадени информации, и да им се дадат алатки и обука за критичка проценка на какви било извори. Охрабрете ги учениците да поставуват прашања како што се оние на дијаграмот подолу:

## *Има ли агенда?*




**Слика 3.** Пример на прашања за критика на извори достапни на Интернет

Друг важен елемент на критичко оценување на изворите на Интернет е да се разговара за потеклото, оригиналноста и целта на визулниот материјал, како што се фотографии и филмови. Треба медиумската писменост да се проценува и зајакне, отколку да се базира на претпоставки. Младите треба да бидат информирани дека некои веб-страниците и каналите за социјални медиуми се продуцирани од страна на негирачи на холокаустот, антисемити и расисти со експлицитна цел да шират дезинформации и измами. Тие треба да бидат обучени да ги забележат и испитуваат односите помеѓу сопственикот на изворот и неговите соработници или испитаниците.

Исто така, може да биде корисно да се идентификуваат различни категории на социјални медиуми и да се разговара како тие работат, каква е публиката и зошто луѓето ги користат. Социјалните медиуми вклучуваат:

**Социјални мрежи**
*(Facebook, Twitter)*

**Мрежи за споделување медиуми**
*(Instagram, YouTube, Snapchat)*

**Блогирање и објавување мрежи**
*(Wordpress, Tumblr)*

**Анонимни социјални мрежи**
*(Whisper, AskFM)*

**Слика 4.** Примери на социјални медиуми

Сепак, треба да се има предвид дека популарноста и навлегувањето на пазарот особено на страниците или апликациите треба да се следи, бидејќи овие подлежат на брзи и екстремни промени. Треба да се биде свесен (во рамките на професионалните граници) дека социјалните мрежи можат да бидат важен дел од современото образование на учениците.

# 3.5 СПОРЕДБА НА ИСТОРИЈАТА СО ДЕНЕШНИЦАТА: ХОЛОКАУСТОТ, ГЕНОЦИДОТ И ПОВРЕДАТА

## 3.5.1 Димензии на образованието за човековите права и нивната поврзаност со предавањето и учењето за холокаустот

Декларацијата на Обединетите нации за образование и обука на човековите права (2011) дефинира три димензии на образованието за човекови права. Овие димензии се прикажани на Слика 5 подолу, заедно со рамка за поврзување на предавањето и учењето на холокаустот.

| | | |
|---|---|---|
| ***Димензија 1*** | Образование *за* човековите права: Разбирање на нормите и принципите на човековите права. | Влијанието на холокаустот врз формулирање, кодификација и зајакнување на човековите права, особено на Декларацијата за човекови права на Обединетите нации и Конвенцијата за геноцид на ООН. |
| ***Димензија 2*** | Образование *преку* учење за човековите права: користење на методи кои се засноваат на пристапи за учењето за човековите права. | Користење на активни методи насочени кон учениците кои го зајакнуваат истражувањето, начините за почитување, поддршка и зајакнување на правата на учениците и наставниците. |
| ***Димензија 3*** | Образование *за* човековите права: оспособување на учениците да ги применуваат и да ги почитуваат принципите за човекови права. | Предавањето и учењето за холокаустот можат да покажат студии на случај на механизми и процеси што доведуваат до кршење на човековите права, кои можат да ескалираат во насочено насилство од големи размери, како геноцид. Перспективите кои доаѓаат од мир, спречување геноцид или демократско образование за граѓанство, исто така, можат да се користат за анализирање на настаните во холокаустот. |

**Слика 5.** Димензии на образованието за човекови права применливи во прадавањето и учењето за холокаустот

### 3.5.2 Важни точки што треба да се земат предвид при комбинирање на предавањето и учењето на холокаустот и образованието за човековите права

Иако наставата и учењето за холокаустот можат да бидат моќна и достапна алатка за едукација за човекови права, наставниците треба да ги запомнат следниве важни поенти:

а) Сите предлози во овие препораки за прецизност и точност на јазикот и дискурсот, како и употребата на методи кои во центарот на учењето го ставаат ученикот, се применуваат во наставни содржини што содржат елементи на едукација за човековите права.

б) Треба да се почитуваат специфичностите на холокаустот и другите злоупотреби на човековите права, а споредбите треба да се прават со претпазливост. Споредбата на настаните бара детално познавање на секој елемент за кој се прави споредба, или во спротивно може да дојде до неисториски споредби кои го попречуваат разбирањето и го спречуваат критичко размислување и анализа. Наставниците треба да бидат искрени и јасни во поглед на нивната стручност во врска со холокаустот, како и за сите други настани што се во прашање.

в) Холокаустот треба јасно да се разликува од наставните содржини кои произлегуваат од него. Минатото се случило на посебен начин од одредени причини и преголемо поедноставување на историските факти или давање на поширок концепт за да се потенцира одредена „наставна содржина“ не е од полза ниту за учениците, нуту за наставниците. Наставниците треба да бидат особено внимателни во претпоставките од современите знаења или за вреднување на оние од минатото. Примарните извори и хуманизацијата на жртвите треба да ги истакнат разликите, но и сличностите, помеѓу различни настани.

г) Наставниците треба јасно да ги разликуваат сторителите од минатото и луѓето од денешните општества. Треба да се избегнуваат осуди за „националниот карактер“ на холокаустот. На пример, важни се можностите за проучување на различните реакции на германскиот народ кон нацистичката политика, вклучувајќи ги и ентузијастичката поддршка, соработката, незадоволството, апатијата и активниот отпор. Истото важи и кога е во прашање соработката.
Избегнувајте користење на анализи од однесувањето на луѓето во минатото за да дадете едноставни објаснувања за денешните однесувања.

д) Обидете се да објасните дека споредбата на геноцид или кршење на човековите права не води до хиерархија на страдања, без разлика дали се од минато или сегашноста. Страдањето на оние што биле цел на нацистите и нивните соработници било интензивно и реално и не треба да се користи единствено за да се поттикнат сочувства во сегашноста. Исто така, страдањата што човечките суштества ги доживеале во различни контексти заслужуваат признание. Мотивите, политиките и постапките за создавање услови за дискриминација, економска експлоатација, прогон и убиства се често разновидни и сложени – како во минатото така и во сегашноста. Наставниците на жртвите од минатото и сегашноста им должат објаснување за нивните страдања на свој начин и не во однос на другите.

Пред се, важно е да се запамети дека наставата и учењето за холокаустот, самата по себе, е дискретна тема. Иако постојат различни можности за внимателно и разбирливо поврзување на гледиштата, при примена на пристапот насочен кон човековите права во наставата за холокаустот, наставниците треба свесно да избегнуваат поедноставување на историскиот контекст или да дозволат историски споредби.

# СПИСОК НА КЛУЧНИ ПОИМИ

**Антиромизам**: Расизам против луѓето кои што се нарекуваат „цигани“, иако главната цел најчесто е на.сочена кон **Синти** и **Роми**.

**Анти-јудаизам**: Омраза и презир кон **Евреите** засновани врз верски предрасуди.

**Антисемитизам**: необврзувачката [Работна дефиниција на ИХРА за антисемитизам](#) вели: **„Антисемитизмот е одредено разбирање за Евреите, што може да се изрази како омраза кон нив. Усни, писмени и физички изрази на антисемитизам насочени кон Евреите или не-Евреите и/или нивниот имот, институциите на еврејската заедница и еврејските верски места“**, вклучува единаесет примери на некои од начините во кои денес се појавува антисемитизам. Во периодот пред и за време на холокаустот, нацистите и други беа насочени кон Евреите со различни форми на антисемитизам.

Ефектите од ваквиот антисемитизам ескалираа од социјални предрасуди до законски ограничувања, масовно затворање, гетоизација, депортација и убиства.

**Набљудувачи**: Држави и поединци кои биле свесни за нацистичките злосторства и одбрале да не интервенираат и покрај тоа што имале слобода да дејствуваат, со што потенцијално ја зголемиле решеноста на сторителите да ги извршат своите злосторства.

**Соработници**: Негермански режими и лица кои соработувале со нацистите и активно ги поддржувале нивната политики и спроведувале акции по наредба на нацистите и по сопствена иницијатива.

**Концентрациони логори**: Институции создадени во нацистичка Германија за затворање на политичките непријатели и противници. Логорите најчесто се наоѓале во предградијата на поголемите градови и биле многу видлив показател за подготвеноста на нацистичкиот режим да употреби насилство и терор. Затворениците во концентрационите логори престојувале во нехумани услови, подложени на тортура, глад и, во некои логори на медицински експерименти. По избувнувањето на Втората светска војна, германските власти ја прошириле мрежата на нивните концентрациони логори. До крајот на војната, мрежата на логори вклучуваа работни логори наменети за искористување на присилната работа на затворениците; транзитни логори за собирање на голем број жртви пред депортацијата, како и логорите од типот пред 1939 година. Логорите на смртта се основани кон крајот на 1941 година/почетокот на 1942 година со специјална намена за масовни убиства.

**Злосторства против човештвото**: Дефиницијата во член 6 од Нирнбершката повелба (прочистен текст) е дополнета со Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд, усвоен од Обединетите нации во 1998 година. Според член 7: убиства, истребување, поробување, депортација или присилно преселување на население, затворање спротивно на основните правила на меѓународното право, тортура, силување и други тешки дела кои намерно предизвикуваат големи страдања, сериозни повреди кои влијаат на менталното или физичко здравје, се сметаат за злосторства против човештвото ако се извршени како дел од широко распространет или систематски напад насочен против кој било дел од цивилното население со претходно знаење за нападот.

**Логори на смртта/центри за убивање**: Логори формирани за систематско убивање на Евреите и Ромите. Мобилните гасни комори „Кулмхоф“ (Челмно), Белзец, Собибор и Треблинка беа користени исклучиво за оваа намена. Аушвиц, Мајданек и Мали Тростенец содржеле објекти слични на оние во логорите на смртта, но исто така служеле и како **концентрациони логори**, работни логори или транзитни логори.

**Einsatzgruppen**: Мобилни единици на Безбедносната полиција и Службата за безбедност СС наменети за убивање. По германската инвазија на Советскиот Сојуз во 1941 година, овие единици – помогнати од Полицијата за спроведување на законот и од локалните соработници – започнаа систематски убивање на Евреите со огнено оружје и користејќи комбиња со отровни гасови.

**Холокауст**: Под покровителство на државата, систематско прогонство и убиство на Евреите од страна на нацистичка Германија и нејзините соработници помеѓу 1933 и 1945 година.

**Негирање на холокаустот**: Необврзувачка Работната дефиниција на ИХРА за негирање и изокривокулчување на холокаустот е: „Негирањето на холокаустот е дискурс и пропаганда што ја негира историската реалност и обемот на истребување на Евреите од страна нацистите и нивните помагачи за време на Втората светска војна, познат како холокауст или Шоа. Негирањето на холокаустот конкретно се однесува на секој обид да се тврди дека **холокаустот/Шоа** не се случил. Негирањето на холокаустот може да вклучува негирање во јавноста или доведување во прашање употребата на главните механизми за уништување (како што се гасните комори, масовни убиства, глад и тортура) или намера да извршат геноцид против еврејскиот народ“.

**Искривоколчување на холокаустот**: необврзувачката Работна дефиниција на ИХРА за негирање и искривоколчување на холокаустот се однесува на низа примери на обиди да се доведат во сомнеж фактите на холокаустот, кои вклучуваат (но не ги ограничуваат) минимизирање на вкупниот број жртви на холокаустот; обиди да ги обвини Евреите за предизвикување на свој геноцид; и изјави што го прикажуваат холокаустот како позитивен историски настан.

**Геноцид**: Членот 2 од Конвенцијата за спречување и казнување на кривично дело геноцид (1948 година) го дефинира геноцидот како: „кое било од следниве акти извршени со намера да целосно или делумно уништи, , национална, етничка, расна или верска група, како:

(а) убиство на членови на групата;

(б) предизвикување тешки телесни или ментални повреди на членовите на групата;

(в) намерното наметнување на групата на такви услови за живеење, кои се наменети да предизвикаат нејзино целосно или делумно физичко уништување;

(г) усвојување на мерки наменети за спречување на раѓање во рамките на групата;

(д) присилно пренесување на деца од една во друга група“.

Генералното собрание на Обединетите нации на 9 декември 1948 година ја усвои Конвенцијата. Таа стапи во сила на 12 јануари 1951 година, со што дефиницијата за геноцид е правно применлива. Од различни причини, експертите предложија различни дефиниции.

**Гето**: подрачје на кое Евреите биле присилени да живеат, одделени од поширокото општество за време на Втората светска војна. Повеќето гета биле во Централна и Источна Европа, но неколку биле основани на територијата анексирана директно од Третиот рајх помеѓу 1939 и

**Човекови права**: права својствени за сите човечки суштества, без оглед на расата, полот, националноста, етничката припадност, јазикот, религијата или кој било друг статус. Со Универзалната декларација за човекови права, прогласена од Генералното собрание на ООН на 10 декември 1948 година, човековите права станале важен елемент во меѓународното право.

Сепак, човековите права не се само производ на дваесеттиот век. Тие се видливи во законските и религиозни кодекси кои ја потенцираат индивидуалноста и достоинството на поединецот, а кои датираат уште од антиката. Човековите права се неизоставен елемент на демократските идеи и институции во Европа, пред се од Декларацијата за правата на човекот и граѓанитот, изготвена во 1789 година за време на Француската револуција.

**Евреи**: Православниот и реформираниот јудаизам го дефинираат Евреинот како поединец чија мајка е/била Еврејка или поединец кој преминал во еврејската вера; Либералниот јудаизам дополнително вклучува поединци чиј татко е Евреин. **Нацистите** ги дефинирале Евреите како лица со тројца или четири еврејски баби и дедовци, без оглед на верските убедувања или припадност со поединци или нивни предци. Исто така, треба да се забележи дека расните закони се применувале во различни периоди и на различни начини на различни места окупирани и контролирани од нацистите и нивните соработници.

За дополнително да се комплицираат дефинициите, имало и луѓе кои живеат во Германија и кои според Нинбершките закони беа дефинирани како ниту Германци ниту Евреи, или луѓе со само еден или двајца баби и дедовци родени во еврејската верска заедница. Овие поединци од „мешана раса“ биле познати како „Мишлинц“. Тие ги уживаа истите права како и „расните“ Германци, но овие права постојано се намалуваа со подоцнежното законодавство.

**Ослободувачи**: Поединци кои учествувале во ослободување и олеснување на страдањата на оние кои нацистите и нивните помагачи ги држеле како заробеници или биле принудени да се кријат. Терминот особено се однесува на војниците, лекарите и верските службеници кои влегоа во **концентрационите логори** заробени во 1944–45

**Нацисти**: Германци и Австријци кои биле членови на Националсоцијалистичката германска работничка партија или кои активно го поддржуваа режимот на Хитлер.

**Сторители**: лица кои планирале, организирале, активно промовирале и/или спровеле дела на прогон и убиство.

**Расизам**: Институционална и/или индивидуални предрасуди, дискриминација или антагонизам насочени против некој од различна раса засновани врз верување дека сопствената раса е надмоќна/супериорна.

**Спасители**: Поединци кои им помагале на жртвите на нацистите на различни начини со цел да им го спасат нивниот живот. Спасувачите на Евреите кои им помогнале од несебични причини, честопати се нарекуваат „Праведници (меѓу народите)“, титула што им е дадена од Јад Вашем, израелски музеј и меморјален центар за сеќавање на холокаустот, врз основа на анализа на сведоштва и документи кои потврдуваат дека спасувањето е спроведено за алтруистички цели, а не за лична корист.

**Отпор**: Активности насочени кон попречување или сузбивање на нацистичката криминална политика и програми. Бидејќи нацистите биле насочени кон убивање на сите европски Евреи, помагањето и спасувањето на Евреите може да се смета за форма на отпор, најмалку од почетокот на 1942 година па понатаму. Упатувањето на специфични локални услови е неопходно за да се разбере овој термин.

**Учесници во отпорот**: Поединци кои активно се спротивставиле на нацистичката политика и програми на различни начини.

**Роми и Синти**: Ромите и Синтите се населиле во земјите од модерна Европа пред многу векови. Терминот

„Синти“ се однесува на припадници на етничко малцинство кои се населиле во Германија и соседните земји на почетокот на 15 век. Терминот „Роми“ се однесува на етничко малцинство кое живеело во Источна и Југоисточна Европа уште од средниот век. Во почетокот на 18 век, Ромите мигрирале и се населиле и во Западна Европа. Надвор од германското јазично подрачје, терминот „Роми“ се користи и како колективен термин за етничкото малцинство како целина. Како и Евреите, Синтите и Ромите биле прогласени за „туѓи раси“ и затоа биле исклучени од „заедницата на луѓето“. Нацистите ги прогонувале како „цигани“ оние луѓе кај кои барем еден прадедо бил идентификуван како „циган“. Овој прогон ескалираше до геноцид врз Ромите кои живееја во намините под кои доминираат нацистите.

**Шоа**: хебрејски збор што значи „катастрофа“ или уништување. Збор што се користи во израелската култура за означување на **холокаустот**; се избегнува предлогот дека жртвите биле „жртвувани“ или „ маченици“. Честопати, терминот се користи во Франција и во други делови на континентална Европа, каде доби посебна вредност по филмот “Шоа“ во 1985 година, во режија на Клод Ланцман.

**Преживеани**: поединци кои ги преживеале настаните од холокаустот, како систематското прогонство и убиство на Евреите од страна на нацистичка Германија и нејзините соработници помеѓу 1933 и 1945 година. Поединците кои ги преживеале **концентрациони логори, гетата и стрелањата на Einsatzgruppen**, спаѓаат во оваа категорија, како и еврејските бегалци од 1930-тите од Германија и Австрија и оние што беа спасени во операции како што е „Киндертранспорт“. Во категоријата спаѓаат и деца кои биле сокриени или предадени на посвојување за да ги прикријат своите идентитети.

Втората генерација и третата генерација се однесуваат на децата и внуците на преживеаните.

**Преодна правда**: судски и вонсудски мерки кои биле спроведени за да се надомести штетата предизвикана од последиците на репресија, кршењето на човековите права и масовните злосторства за време на политичките транзиции, од диктаторските режими или од граѓанските конфликти до демократијата, владеењето на правото и миропубивите односи. Покрај кривичната истрага и прогонот на сторителите, транзициската правда вклучува документирање на кривични дела, штети и одредби што гарантираат повторување.

**Жртви**: Поединци кои биле убиени од нацистите или нивните соработници, или оние кои претрпеле големи загуби од прогонството.

# СТОКХОЛМСКА ДЕКЛАРАЦИЈА И РАБОТНИ ДЕФИНИЦИИ НА ИХРА

## СТОКХОЛМСКА ДЕКЛАРАЦИЈА

**Стокхолмската декларација на Меѓународниот форум за холокаустот (или „Декларацијата од Стокхолм“) е основен документ на Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот, која понатаму се користи како трајна заложбата и е во согласност со заеднички принципи за сите земји-членки на ИХРА.**

1. Холокаустот (Шоа) ги разниша темелите на цивилизацијата. Карактеристиките на холокаустот како уникатен феномен имаат универзално значење. После половина век холокаустот и понатаму е настан кој временски ни е доволно близу за преживеаните да можат да сведочат за ужасите што му се случија на еврејскиот народ. Ужасното страдање на многу милиони други жртви на нацизмот оставиле неизбришлива лузна низ цела Европа.
2. Интензитетот на холокаустот планиран и спроведен од нацистите мора да биде засекогаш запишан во нашата колективна меморија. Несебичната жртва на оние што се спротивставија на нацистите и ги дадоа своите животи за да ги заштитат или спасат жртвите од холокаустот, исто така, мора да остане во нашите срца. Обемот на овие ужаси и возвишувањето на нивниот хероизам можат да бидат показател за нас во разбирањето на човечкиот потенцијал за правење добро и зло.
3. Човештвото сè уште носи лузни од геноцидот, етничко чистење, расизмот, антисемитизмот и ксенофобијата, а меѓународната заедница има голема одговорност во спречувањето на овие зла. Страшната вистина за холокаустот мора сите заедно да ја браниме против оние што ја негираат. Ние мора да ја зајакнеме моралната посветеност на нашите народи и политичката посветеност на нашите влади за да обезбедиме можност идните генерации да ги разберат причините за холокаустот и да размислуваат за последиците од него.
4. Се заложуваме за засилување на нашите напори за промовирање на образованието, сеќавањето и истражувањето на холокаустот во земјите кои веќе направиле многу, како и во оние кои ќе одберат да се приклучат на овие напори.

5. Се обврзуваме дека ќе го охрабриме предавањето  за холокаустот на сите расположливи начини. Ќе го промовираме образованието за холокаустот во нашите училишта и универзитети, во нашите заедници, а на предавање и учење за холокаустот ќе ги охрабруваме и другите институции.
6. Се обврзуваме дека ќе ги паметиме жртвите на холокаустот и ќе им оддаваме почит на оние што му се спротивставиле. Нашите држави ќе ги поддржиме за на соодветен начин да се сеќаваат на холокаустот, вклучително го и одбележување на Денот на сеќавањето на холокаустот.
7. Се обврзувеме дека ќе ги осветлиме скриените сенки на холокаустот. Ние ќе ги преземеме потребните чекори за да овозможиме отворање на архивите така што сите документи што се однесуваат на холокаустот ќе бидат достапни за истражувачите.
8. Соодветно е оваа прва голема меѓународна конференција во новиот милениум да ја објави својата заложба за сеење семе на подобра иднина во почвата на горчливо минато. Сочувствуваме со страдањето на жртвите и наоѓаме инспирација во нивната борба. Нашата обврска мора да биде да се потсетиме на починатите жртви, да ги испочитуваме преживеаните кои сè уште се со нас и да ги признаеме заедничките аспирации на човештвото за меѓусебно разбирање и правда.

# РАБОТНА ДЕФИНИЦИЈА ЗА АНТИСЕМИТИЗМОТ

Законски необврзувачката Работна дефиниција за антисемитизмот на ИХРА беше усвоена во 2016 година и оттогаш е усвоена или одобрена од бројни држави и владини тела.

На 26 мај 2016 година на пленарна седница во Букурешт е решено:

**Да се усвои следната правно необврзувачка Работна дефиниција за антисемитизмот:**

„Антисемитизмот е одредена перцепција кон Евреите, која може да се изрази како омраза кон Евреите. Реторичките и физичките манифестации на антисемитизмот се насочени кон Евреи или не-Евреи и/или нивниот имот, кон институции на Еврејската заедница и верски објекти."

ИХРА ќе работи водејќи се од следниве примери кои можат да послужат како илустрација:

Антисемитските манифестации може да бидат насочени и против државата Израел, која се смета за еврејски колектив. Меѓутоа, доколку критикувањето на државата Израел е слично на она упатено до која било друга држава тогаш не може да го сметаме за антисемитизам. Антисемитските напади честопати ги обвинуваат Евреите за заговори со цел да му наштетат на човештвото, а честопати ваквите напади се користат за да се обвинат Евреите за „лошото одвивање на работите во светот". Антисемитизмот се изразува преку говор, пишување, преку слики и дела и користи несоодветни стереотипи, како и негативни карактерни особини.

Современите примери на антисемитизам во јавниот живот, медиумите, училиштата, работните места и религиозниот живот можат да бидат следните, доколку се земе во предвид севкупниот контекст:

- Повикување, помагање или оправдување на убивање или загрозување на Евреите во име на радикална идеологија или на екстремистички религиозни погледи.
- Создавање на лажни, нечовечни, демонизирачки или стереотипски тврдења за Евреите како поединци или како општествена група. Обвинувањата од овој вид особено се (но не и единствените!) Митот за еврејски заговор во светот или тврдењето дека Евреите владеат со медиумите, економијата, владините структури или други социјални институции;

- Обвинување на Евреите како народ дека се одговорни за вистински или измислени погрешни/лоши работи извршени од поединци или групи на Евреи, како и за погрешни/лоши работи направени од не-Евреи.
- Негирање на фактот, обемот, механизмите (на пр. гасните комори) или пак на намерата за геноцид на еврејскиот народ од страна на Национал-социјалистичка Германија и нејзините поддржувачи и соучесници за време на Втората светска војна (Холокаустот).
- Обвинување на Евреите како народ или кон Израел како држава дека го измислиле или преувеличиле Холокаустот.
- Обвинување на еврејските граѓани дека се повеќе лојални на Израел или на наводните еврејски приоритети ширум светот, отколку на интересите на нивните сопствени држави.
- Оспорување на правото на Евреите на самоопределување, на пример тврдејќи дека постоењето на Државата Израел е расистичко по самиот свој карактер;
- Применување на двојни стандарди, при што од Израел се бара однесување кое што ниту се очекува, ниту бара од било која друга демократска држава.
- Користење симболи и слики кои што асоцираат на класичен антисемитизам (на пр. тврдењето дека Евреите го убиле Исус или клеветењето дека се практикуваат ритуали со крвопролевање), а со цел на Израел или на Израелците да им се припишат такви карактерни особини.
- Споредување на денешната израелска политика со онаа на нацистите.
- Тврдења дека Евреите се колективно  одговорни за постапките на државата Израел.

**Антисемитските акти** се кривични дела, кога истите се утврдени со закон (на пример, во некои земји постои негирање на холокаустот или дистрибуција на антисемитски печат).

**Антисемитски кривични дела** се оние кога за цел на напади, без оглед дали се работи за луѓе или имот – како што се згради, училишта, места за молење и гробишта – се избрани бидејќи се сметаат дека се еврејски или се поврзани со Евреите.

**Антисемитска дискриминација** е кога на Евреите им се попречува да ги користат можностите или услугите кои што им се достапни на другите луѓе, а што е во спротивност со законот во многу држави.

# РАБОТНА ДЕФИНИЦИЈА НА НЕГИРАЊЕТО И ИСКРИВОКОЛЧУВАЊЕ НА ХОЛОКАУСТОТ

Законски необврзувачката Работна дефиниција за негирање и искривоколчување на холокаустот беше усвоена на пленарниот состанок на ИХРА одржан во Торонто во 2013 година.

Дефиницијата претставува израз на постоењето свест за тоа дека негирањето и искривоколчувањето на Холокаустот треба да се оспорат и осудат на национално и меѓународно рамниште, како и на потребата за нивно проучување во глобални рамки. IHRA ја усвојува следната правно необврзувачка работна дефиниција како своја работна алатка.

Негирањето на холокаустот означува дискурс и пропаганда што ја негира историската вистина и обемот на истребување на Евреите од страна на нацистите и нивните соучесници за време на Втората светска војна, истребување позната како холокауст или Шоа. Негирањето на холокаустот конкретно се однесува на секој обид да се тврди дека холокаустот/Шоа не се случил.

Негирање на холокаустот може да вклучува јавно негирање или изразување сомнежи за примената на главните механизми за уништување (како што се гасните комори, масовните стрелања, изгладнувањето и измачувањето), како и на постоењето умисла во вршењето геноцид врз еврејскиот народ.

Негирањето на холокаустот во неговите разновидни облици претставува израз на антисемитизам. Обидот да се негира геноцидот врз Евреите претставува усилба да се ослободат национал-социјализмот и антисемитизмот од вина и одговорност за геноцидот врз еврејскиот народ. Меѓу облиците на негирање на холокаустот се вбројува и обвинувањето дека Евреите го преувеличуваат или измислуваат холокаустот/Шоа за свои политички или финансиски цели проследено со верување дека холокаустот/Шоа бил резултат на заговор скроен од страна на Евреите. Целта на ваквите обиди е да се обвинат самите Евреи за холокаустот/Шоа, а антисемитизмот повторно да стекне легитимитет.

Честа цел на негирањето на холокаустотеи рехабилитирање на отворениот антисемитизам и промовирањето политички идеологии и услови погодни за остварување токму на истиот настан кој се негира.

Искривоколчувањето на фактите за холокаустот, меѓу другото, се однесува на:

1. Смислени напори да се оправдаат или минимизираат последиците од холокаустот или на неговите основни елементи, вклучувајќи ги меѓу нив и соработниците и сојузниците на Нацистичка Германија;
2. Сериозно потценување на бројот на жртвите во холокаустот, во спротивност со веродостојните извори за тој број;
3. Обиди да се обвинат Евреите дека го предизвикале сопствениот геноцид;
4. Изјави кои го прикажуваат холокаустот како позитивен историски настан. Таквите изјави не претставуваат негирање на холокаустот, туку се тесно поврзани со истото како радикален облик на антисемитизам. Таквите изјави го сугерираат ставот дека холокаустот не бил доволно успешен во исполнувањето на неговата цел – „Финално решавање на Еврејското прашање“;
5. Обиди да се замагли одговорноста за подигнувањето на концентрационите и логорите на смртта создадени и раководени од страна на нацистичка Германија, а преку префрлување на вината за тоа на други нации или етнички групи.

# ДОПОЛНИТЕЛНИ МАТЕРИЈАЛИ

**Покрај препораките на ИХРА за предавањето и учењето за холокаустот, посочуваме и други алатки и материјали кои ја поддржуваат оваа проблематика. Списокот подолу посочува само некои од материјалите ...**

За повеќе информации за тоа како да се истражува холокаустот во контекст на спречување на геноцид, образование за човековите права или истражувања за насилството во минато, погледнете го прирачникот издаден од УНЕСКО, *„Образование за холокаустот и превенција на геноцид: Водич за политика“*, објавен во 2017 година, и моментално достапен на англиски, француски, шпански, арапски и португалски јазик.
https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000248071

За зајакнување на контекстот и знаењето за холокаустот, посетете ги Интернет-страниците на *Енциклопедијата за холокаустот,* водени од Меморијалниот музеј на холокаустот, САД. Енциклопедијата содржи стотици статии кои даваат клучни факти, содржини, примарни извори и прашања за критичко размислување.
https://encyclopedia.ushmm.org

За историски контекст на клучните теми, истражете ги образовните видеа на Јад Вашем.
https://www.yadvashem.org/education/educational-videos.html

За повеќе за наставата и учењето за антисемитизам, каде холокаустот е поставен како централна наставна тема, посетете ја веб страната на ОДИХР и УНЕСКО: *Справување со антисемитизмот преку образованието: Упатства за креаторите на политики.* Објавено во мај 2018 година, достапно е на најмалку седум јазици.
https://www.osce.org/odihr/383089

За повеќе информации во врска со геноцидот врз Ромите и Синтите, два извори на Интернет даваат добар вовед: romasintigenocide.eu и romasinti.eu.

За повеќе идеи за запознавање на учениците од основните училишта од холокаустот, видете на Меморијал де ла Шоа *Педагошка белешка*:
http://www.memorialdelashoah.org/en/education-training/pedagogical-notes/primary-school.html

Повеќе за образованието за човековите права на спомен-страниците на холокаустот, видете ја публикацијата Европска агенција за основни човекови права, 2010 година *Патување до минатото – Настава за иднината: Водич за наставници* достапен во PDF формат на девет различни јазици.
https://fra.europa.eu/en/publication/2010/excursion-past-teaching-future-handbook-teachers

INTERNATIONAL
HOLOCAUST
REMEMBRANCE
ALLIANCE

United Nations
Educational, Scientific and
Cultural Organization

In partnership with
UNESCO